| | „Марко Цепенков“ | од „Вангел Николоски“ до пресек со „Момчило Јорданоски“ |
| | „Сирма Војвода“ | краци |
| | „Марко Несторoски“ | од Крст Џамија до пресек со „Васил Главинов“ |
| | „Питу Гули“ | од „Дебрца“ до „Марко Несторoски“ |
| | Лагадин | Прва линија на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| VII-та | | |
| **Објект 260-300 бодови** | „Гоце Делчев“ | Од „Никола П.Русински“ до крај |
| | „Питу Гули“ | од пресек со „Марко Несторoски“ до „7ми Ноември“ |
| | „Питу Гули“ | краци до „Марко Несторoски“ |
| | „Дебарца“ | |
| | „Александар Гушо“ | |
| | „1ви Мај“ | |
| | „Марко Несторoски“ | од пресек со „Васил Главинов“ до крај |
| | „Ѓорче Петров“ | главна улица |
| | „Марко Цепенков“ | од пресек со „Момчило Јорданоски“ до Стобекс |
| | „Момчило Јорданоски“ | главна улица |

| | | |
|---|---|---|
| | „Абас Емин“ | од пресек со „Анастасија Узунова“ до „Железничка“ - краци |
| | „Охридска Бригада“ | |
| | „Дејан Војвода“ | крак во пресек со „Крали Марко“ |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „Јабланица“ до „8ми Март“ |
| | „Јабланица“ | |
| | „Железничка“ | од АМСМ до „Егејска“ |
| | „Кленоец“ | од пресек со „Питу Гули“ до „Железничка“ |
| | Рача | над Хидробиолошки и Мегдани |
| | населба Исток | прв ред на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| | Лагадин | |
| VIII-ма | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 210-250 бодови** | „Хаџи Мустафа“ | од „Булевар Туристичка“ кон Лакочереј |
| | Патерица | |
| | | крајбрежен појас до Андон Дуков |
| | „Охридска Бригада“ | краци |
| | „Стив Наумов“ | од пресек со „8ми Март“ до Винарска Визба |
| | „Кузман Шапкарев“ | |
| | „Ѓорче Петров“ | краци |
| | „Васил Главинов“ | |
| | „Крсте Петков Мисирков“ | |
| | „Питу Гули“ | краци од „Марко Несторoски“ до „7ми Ноември“ и сите краци |
| | „Вангел Николоски“ | |
| | „Трајче Дојчиноски“ | |
| | „Марко Цепенков“ | краци |
| | „Момчило Јорданоски“ | краци |
| | „Сирма Војвода“ | под бараки |
| | „АРМ“ („22 Декември“) | |

| | | |
|---|---|---|
| | „Димо Хаџи Димов“ | |
| | „I МУБ“ | од „Трајче Дојчиноски“ до Стобекс |
| | „15ти Корпус“ | до „Ирина Гинова Мирка“ |
| | „Железничка“ | од „Егејска“ до „8ми Март“ |
| | „Кленоец“ | од „Железничка“ до крај |
| | „Будва“ | |
| | „Винковачка“ | |
| | „Прилепска“ | до „Будва“ |
| | Рача | населба |
| | Свети Стефан | населба |
| | Исток | населба |
| | Коњско | населба |
| | Елшани | Вилска населба |
| | Пештани | прв ред на објекти кои излегуваат на главен пат и се во близина на езеро |
| | Трпејца | објекти на прва линија на езеро |
| | Љубаништа | покрај езеро |
| IX-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 160-200 бодови** | „Париска Комуна“ | |
| | „Партизански одреди“ | |
| | | околу Стобекс |
| | „Ристо Чадо“ | главна улица |
| | „15ти Корпус“ | од „Ирина Гинова Мирка“ до Лескоец |
| | „Ирина Гинова Мирка“ | |
| | „Живко Чинго“ | до отпад |
| | „Кленоец“ | краци |
| | „Српница“ | |
| | „Веле Марков“ | |
| | „Стив Наумов“ | краци |
| | „Крали Марко“ | главна улица |

| | | |
|---|---|---|
| | „Железничка“ | од „8ми Март“ до крај |
| | „Прилепска“ | од „Будва“ до крај |
| | „8ми Март“ | Главна улица |
| | Чекоштина | од главен пат до Сончева порта |
| | Велестово | објекти на главен пат |
| | Долно Коњско | село |
| | Пештани | објекти кои не се на главен пат и се во централниот дел од селото |
| | Трпејца | село |
| | Љубаништа | вилска населба |
| X-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 125-150 бодови** | „Малесија“ | |
| | „Ристо Чадо“ | краци |
| | „I МУБ“ | од Стобекс до Рамне |
| | „Андреја Јованоски“ | |
| | „Александар Турунџев“ | |
| | „Живко Чинго“ | од отпад до крај |
| | Лескоец | објекти на главен пат |
| | „Крали Марков | краци |
| | „8ми Март“ | краци |
| | Чекоштина | објекти на периферија |
| | „Петрино“ | |
| | „Радојца Новичиќ“ | до „28 Април“ |
| | Рача | објекти на периферија на населба |
| | Велестово | село |
| | Долно Коњско | објекти на периферија на село |
| | Долно Шипокно | |
| | Пештани | објекти околу школото |
| | Трпејца | објекти на периферија на село |
| | Љубаништа | село |
| | Велгошти | објекти на главен пат |

| XI-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
|---|---|---|
| **Објекти 105-120 бодови** | „Ѓорѓи Сугаре“ | |
| | „Радојца Новичиќ“ | од „28ми Април“ до крај |
| | „130“ | |
| | „6та Бригада“ | |
| | „28ми Април“ | |
| | Велгошти | објекти во споредни улици |
| | Лескоец | објекти кои не излегуваат на главен пат |
| | Подмоље | објекти на главен пат |
| | Елшани | објекти кои гравитираат околу школо |
| | Љубаништа | објекти на периферија |
| XII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 85-100 бодови** | Велгошти | објекти на периферија |
| | Лескоец | објекти на периферија на село |
| | Косел | објекти на главен пат |
| | Елшани | периферија на село |
| | Подмоље | објекти во споредни улици |
| XIII-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 60-80 бодови** | Косел | објекти во внатрешност на село |
| | Подмоље | објекти на периферија |
| | Долно Лакочереј | |
| | Орман | |
| XIV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
| **Објекти 45-50 бодови** | Косел | објекти на периферија на село |
| | Горно Лакочереј | |
| | Рамне | |
| | Горно Коњско | |
| | Горно Шипокно | село |

| XV-та | улица/селска населба/место викано | дел/пресек |
|---|---|---|
| **Објекти 35-40 бодови** | Скребатно | |
| | Вапила | |
| | Сирула | |
| | Ливоишта | |
| | Расино | |
| | Опеница | |
| | Куратица | |
| | Речица | |
| | Свињишта | |
| | Завој | |
| | Плаќе | |

**Член 2**

Бодовите по одредени зони се однесуваат на сите објекти, освен на помошните објекти и на гаражите.

**Член 3**

За населените места за кои не постои урбанистичка документација, а за кои се применуваат одредбите од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/2011...190/2017) и во согласност со ЗОУП („Сл.весник на РМ“ бр.145/2015) ќе се врши проценка според зонирањето на оваа одлука.

**Член 4**

Со влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 08 - 815/8 од 31.01.2020 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 4086/6**
**28.04.2021 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** програмата за управување со отпад на општина Охрид за 2021 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/75** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 31/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19, 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

### Вовед

Годишната програма за управување со отпад се изработува согласно законските обврски за управувањето со отпад и со неа се определуваат изворите на финансирање на мерките и активностите, како и инструментите за спроведување на програмата за управување со отпадот.

### Цел на програмата

Општа цел на програмата за управување со отпад на територијата на општина Охрид е општината да продолжи со систематизирано спроведување на постапни подобрувања на постојниот систем за управување со отпадот.

Специфична цел на програмата е да определи конкретни мерки и активности што треба да се преземат во тековната година за подобрување на општата состојба во управувањето и заштитата на животната средина.

### Предмет на програмата

Со оваа програма се планираат активности за утврдување на :

- кадровски потенцијал за спроведување на активностите согласно програмата;
- проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво;

- мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството создаден отпад;
- начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните за управувањето со отпадот;
- реализација на мониторингот и информативниот систем за управување со отпад;
- регионален пристап во управувањето со отпадот;
- подобрување на работата на општинската депонија и
- извори на финансирање на програмата.

**1. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата**

Активностите на оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на општина Охрид, согледувањата на стручните служби, потребите и барањата на граѓаните на општина Охрид, како и развојот на туризмот.

Надлежни за изработката на оваа програма се стручните служби од Одделението за управување со отпад и регионални депонии, а ја спроведува ЈП„Охридски комуналец“, како овластен оператор за постапување со комуналниот и другиот неопасен отпад, во соработка со општина Охрид.

**2. Проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво**

ЈП„Охридски комуналец“ – Охрид врши организирано собирање на комуналниот отпад на подрачјето на градот Охрид, како и во населените места, односно подрачјето на градот Охрид, викенд –населбите : Лагадин, Елешец, Исток, Андон Дуков и Чекоштина и селата: Пештани, Трпејца, Љубаништа, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Рача, Коњско, Лескоец, Велгошти, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Елшани, Велестово, Орман и Св.Наум.

Собирањето на отпадот во општина Охрид во 2021 година ќе се врши секојдневно во потесното централно градско подрачје, а во останатите делови од градот двапати неделно, согласно распоредот. Во текот на летната сезона во потесното централно градско подрачје подигањето на комуналниот отпад се врши и три пати дневно.

Собирањето на отпадот се врши во 732 контејнери со зафатнина од 1.1 м$^3$ наменети за објектите за колективно домување и комерцијални објекти, како и поединечно ( рефус ) по индивидуалните станбени објекти. На две локации каде има комплекси на колективно домување фукционираат 2 прес- контејнери од 4 м$^3$ каде се врши пресување на отпадот и еден подземен контејнер со капацитет од 3 контејнери од по 2,7 м$^3$ во централното градско подрачје, со што како примарна цел, а во фаза на поставување се уште четири подземни контејнери, што во голема мера ќе се подигне степенот на хигиена, а како секундарна цел ќе се придонесе во заштита на животната средина.

| Вид на отпад | Количина на примен отпад год. | Понатамошно постапување |
|---|---|---|
| измешан комунален отпад | 135.326 м$^3$ | депонирање |
| биоразградлив отпад | 857,1 м$^3$ | компостирање |
| градежен шут | 9.312 м$^3$ | депонирање |
| хартија | 39,82 t | понатамошна |

| | | |
|---|---|---|
| | | преработка |

*Табела*: количини на рециклабилни фракции од комуналниот цврст отпад кои се генерираат во општина Охрид на годишно ниво.
( податоците се добиени од Годишниот извештај за 2020год. за постапување со неопасен отпад од Ј.П.„Охридски Комуналец“).

Од табелата е евидентно зголемувањето на отпадот кој се користи за понатамошна обработка, но сепак целосна искористеност на рециклабилните фракции е можна само со комплетно воведување на системот на примарна и секундарна селекција.

Во текот на 2021 година планирано е да се набават : 500 садови за депонирање отпад со капацитет од 120 l кои ќе се доделат на домаќинства. Исто така е предвидено поставување на 3 прес- контејнери, како и 10 подземни контејнери, а на просторот околу нив ќе се направат зелени острови со што ќе се подигне нивото на хигиената и ќе се придонесе за заштита на околната средина од загадување.

Во делот на одржување на јавната хигиена, по јавно - прометните површини на пофреквентните локации ќе се постават нови садови за ситен отпад. Ќе се продолжи одржувањето на јавната чистота и на следните магистрални патишта: Охрид – Подмоље, Охрид – Св.Наум и Охрид – Косел.

Подигањето на кабаст и зелен отпад се врши постојано, како и на повик на граѓани, сѐ со цел да се избегне создавањето на мини-депонии.

Собраниот отпад ЈП„Охридски комуналец“- Охрид го депонира на депонијата „Буково“ и искуствено гледано, според анализите и извештаите за собраните количества отпад , во 2021 год. се планира да се подигне околу 240.000 м3 комунален отпад од територијата на општина Охрид.

## 3. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството создаден отпад

Постојната состојба во управувањето со комуналниот отпад се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање во општинската депонија. Дел од комуналниот отпад, односно ПЕТ амбалажата и хартијата се селектираат, преку нивно собирање во 26 контејнери за ПЕТ амбалажа како и 37 корпи од мрежа за собирање хартија кои се поставени во делови од градот каде фрекфенцијата на домување е поголема во колективни станбени објекти.

Исто така овластениот приватен постапувач со отпад врши и собирање на стакло од 44 контејнери за стакло на најфрекфентните локации во градот.

Собирањето на овие секундарни суровини се врши еднаш или двапати неделно, согласно динамиката на подигање на контејнери и корпи по улици на јавното претпријатие

Со оваа динамика и покриеност на градот со контејнери за ПЕТ амбалажа и корпи за хартија неделно се собира хартија во количина од 3.000 кг и околу 300 кг. ПЕТ амбалажа кои се балираат со 2 балирки.

Согласно законската регулатива општина Охрид заедно со јавното претпријатие определија две локации за одделно собирање на отпадна електронска и електрична опрема од домаќинствата каде крајните корисници ќе можат отпадната опрема бесплатно да ја предаваат. Собирните места се наоѓаат во просторот на јавното претпријатие, односно на локација на РЕ „Механизација“ каде се врши и собирање и балирање и на отпад од пакување, односно хартија и ПЕТ амбалажа, како и еден контејнер за одделно собирање на отпадна електрична и електронска опрема на локација на РЕ „Паркови и зеленило“, од каде го подига овластен постапувач со тие

видови отпад. Исто кака во кругот на Секторот за механизација поставен е контејнер за депонирање на отпад од стакло.

*I. Замена и поправка на искористени садови за собирање на отпад од 1,1 м$^3$ .*

Ќе се продолжи со редовно одржување на контејнерите, заради тоа што на голем број контејнери им се отстранети капаците што овозможува емисија на непријатна миризба. Исто така редовно се врши замена на скршени и оштетени тркалца.

За осовременување на начинот на собирање на комуналниот отпад се изврши избор на локации на кои во наредниот период ќе се постават подземни контејнери со што се осовременува начинот на собирање на комуналниот смет, на начин што од една страна со нивно пресување се остварува голема заштеда како во капацитетот на традиционалните контејнери за смет, така и во транспортните трошоци, а од друга страна се подобруваат хигиенско – санитарните услови, заради тоа што нема непријатни миризби и нема разнесување на отпадот.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Поправка и одржување на контејнери ( поставување на капаци, замена на тркалца, репарирање на оштетувањата) | ЈП„Охридски Комуналец“<br>− континуирано |
| Собирање на отслужени контејнери и поставување нови | ЈП„Охридски Комуналец“ |
| Набавка на подземни контејнери | Општина Охрид |

*II. Набавка на стандардизирани садови за отпад*

Преку реализација на Проектот за доделување на пластични канти од 120 л за селекција на отпадот на домаќинства во општина Охрид ќе се надмине проблемот на депонирање на отпадот од домаќинствата во нестандардна амбалажа и ќе се подобрат хигиенско –санитарните услови заради тоа што ќе нема непријатна миризба, како и разнесување на отпадот од страна на животни и други надворешни влијанија. Со тоа ќе се влијае врз јавната свест на граѓаните за заштита на животната средина.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Изготвување на Проект | Општина Охрид |
| Набавка на канти од 120 l | Општина Охрид |
| Дистрибуција на канти и подигање на отпадот | ЈП„Охридски Комуналец“ |

*III. Постапување со отпад од електрична и електронска опрема*

Ќе се продолжи со воспоставените активности за постапување со отпадот согласно обврските од Законот за постапување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема кој ќе се преземе, транспортира и згрижи од страна на колективен постапувач.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Организирање на собирна акција | Општина Охрид<br>Колективен постапувач |

| | |
|---|---|
| Собирање на отпадот по барање на правни и физички лица | ЈП „Охридски Комуналец“ − континуирано |

*IV. Акции за собирање на габаритен и зелен отпад*

Подигање на кабаст и зелен отпад ќе се врши континуирано, а сѐ со цел да се избегне создавањето на мини -депонии.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Преземање на отпадот и транспорт до депонија, третирање на отпадот | ЈП „Охридски Комуналец“ − континуирано |
| Собирање на отпадот по барање на правни и физички лица | ЈП „Охридски Комуналец“ − континуирано |

V. *Расчистување на диви депонии*

Ќе се спроведат активности за расчистување од отпад на простори во населени места, урбана средина, на патиштата и во природата. Со санација и расчистување на дивите депонии ќе се растерети животната средина од отпад.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Организирање на акции за собирање на отпад со ученици и здруженија на граѓани | Општина Охрид |
| Санирање на дивите депонии во населени места (преземање на отпадот и транспорт до депонија, третирање на отпадот ) | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски Комуналец“<br>− континуирано |
| Чистење на простори во урбана средина, на патишта и во природа од отпад ( околу контејнери, по банкини, пешачки патеки, плажи кои не се по концесија ) | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски Комуналец“<br>− континуирано |

*VI. Оперативност на собирниот центар за отпад од пакување*

Собирниот центар обезбедува континуирани активности за сортирање, балирање, мерење и складирање на отпадот до негово предавање на овластен постапувач, подготовка на документација за колективниот постапувач, како и одржување на опремата.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Склучување на договор/и со овластен постапувач/и за отпад од пакување | ЈП „ Охридски Комуналец“ |
| Обезбедување на непречена функционалност на собирниот центар со целокупната опрема | ЈП „Охридски Комуналец“ |
| Предавање на отпадот на овластени постапувачи и изготвување на | ЈП „ Охридски Комуналец“ |

| | |
|---|---|
| документација за известување и евиденција | |
| Склучување на договори за прифаќање на донација - контејнери за селекција | Општина Охрид |

**4. Начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните за управување со отпад**

Секоја година Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад организира проекти за подигање на јавната свест, со нагласок на училишната младина како целна група, кај која се очекува најголем ефект. Проектите за подигање на јавната свест предвидени да се организираат во 2021 година и кои наидоа на позитивен ефект во јавноста во претходните години се следните:

- Доделување на пластични канти од 120 л за селекција на отпад од домаќинства;
- Акција за собирање стара хартија во соработка со охридските училишта;
- Ликовен и литературен конкурс во соработка со основните училишта на еколошка тема;
- Повик на граѓаните за одбележување на Европската недела на мобилност – Ден без автомобили;
- Избор на најубаво украсен двор или балкон и
- „Цветни балкони, цветен Охрид“.

Општината исто така ќе се вклучи во сите иницијативи за селективно собирање на специјалните текови отпад (отпадни масла, искористени гуми и возила и отпадна електрична и електронска опрема) кои ќе бидат организирани на национално ниво.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Спроведување на акции за подигање на јавната свест (во училишта, градинки и со население) | Општина Охрид |
| Поддршка и спроведување на акција за пријавување на отпад оставен на несоодветни места од несовесни граѓани | ЈП „Охридски Комуналец“ |

**5. Реализација на мониторингот и информативниот систем за управување со отпад**

На локално ниво мониторингот за управување со отпад се спроведува преку дневникот за евиденција за постапување со отпад и идентификационите формулари за транспорт и депонирање на отпадот. Со редовно водење на дневникот за евиденција за постапување со отпад на дневна основа се прави месечен извештај, врз основа на кои се изработува годишниот извештај. Овие документи се дел од подзаконскиот акт: Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишен извештај за постапување со отпад.

Согласно Законот за животна средина се изработи катастар на загадувачи на воздухот, водите и почвата, со што јавноста ќе биде информирана за инсталациите класифицирани според

соодветни дејности кои работат на територија на општина Охрид и кои исполнуваат соодветни еколошки стандарди.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Донесување акти со кои се регулираат селектирањето, собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад | Општина Охрид |
| Спроведување на мониторинг преку водење на дневна, месечна и годишна евиденција во постапувањето со отпадот | ЈП „Охридски Комуналец“ |
| Ажурирање на податоци за корисниците на услугата, покриеност на теренот, бројот на склучени договори | ЈП„Охридски Комуналец“ |
| Склучување на договори со правни субјекти за собирање отпад од пакување | ЈП„Охридски Комуналец“ |
| Мерење на постигнатите резултати за 2021 година – годишен извештај до МЖСПП | ЈП„Охридски Комуналец“<br>Општина Охрид |

**6. Регионален пристап во управувањето со отпад**

Согласно Регионалниот план за управување со отпад, собирањето на отпад во општината ќе треба да се прилагоди на препорачаниот начин, односно да има собирање на рециклабилниот отпад во една канта која ќе се носи во инсталација за рециклирање на материјалите. Исто така согласно Регионалниот план, предвидена е изградба на претоварна станица, за која е во тек постапка за донесување планска документација.

| Активности | Одговорна инситуција |
|---|---|
| Изработка на Студија за опции за финансирање на интегрираниот регионален систем за управување со отпад | МЖСПП |
| Изработка на планска документација за изградба на претоварната станица | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски комуналец“ |
| Набавка на опрема за собирање и селектирање на отпад за Југозападен плански регион | МЖСПП |
| Изградба на претоварна станица | МЖСПП<br>Општина Охрид |

**7. Подобрување на работата на општинската депонија**

Во 2021 година планирано е континуирано нанесување на слој од тампон и земја за санирање на патната мрежа. Исто така ќе се врши редовно покривање на депонираниот смет со слој од земја со што ќе се спречи можноста од самозапалување на депонијата во летниот период.

Овие активности се предвидени како дел од активностите во процесот на вклучување на Општина Охрид во системот на регионално управување со отпадот, при што депонијата „Буково “ ќе мора да се затвори и рекултивира.

Во меѓувреме предвидените мерки во однос на рециклирање и компостирање на отпадот, треба да се запазат во целост, како би се намалиле количините на отпад кои се депонирааат.

| Активности | Одговорна институција |
|---|---|
| Редовно уредување и одржување на депонија „Буково“ | ЈП„Охридски Комуналец“ − континуирано |

**8.Извори на финансирање на програмата за управување со отпад за 2021 година**

Програмата за управување со отпад се финансира од извори на средства утврдени со Закон, преку планирање на буџетот за 2021 година во програмите на Секторите на општината. Активностите планирани во оваа програма како и остварувањето на истите е поврзано и во зависност со активностите кои треба да ги реализира МЖСПП како и со годишната програма на ЈП„Охридски Комуналец“, поради што е неминовна координација на овие програми, како и средства од меѓународни институции – проекти и донации.

| Активности | Планирани средства |
|---|---|
| Доделување на пластични канти од 120 Л за селекција на отпад на домаќинства | 500.000,00 ден.<br>Општина Охрид<br>Програма за заштита на животна средина и природа |
| Машинско и рачно чистење на диви депонии на територија на општината | 1.000.000,00 ден.<br>Општина Охрид<br>Програма други комунални услуги |
| Набавка на подземни контејнери | 2.000.000,00<br>Општина Охрид<br>Програма за уредување на градежно земјиште – партерно уредување |
| Редовно уредување и одржување на депонија „Буково“ и „Мауцкер“ | 5.837.110,00 ден.<br>Буџет на ЈП„Охридски Комуналец“ |

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4086/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 2021 -2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** планот за управување со отпад на општина Охрид за период 2021 -2023 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/76** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 18 став 1, а во врска со став 5 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ“ бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16 ), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр 05/02 ) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19,15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, донесе:

**ПЛАН**

**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 2021 -2023 ГОДИНА**

## Вовед

Планот за управување со отпад на општина Охрид се изготвуваше согласно одредбите на Законот за управување со отпад ( „Сл.весник на РМ“ бр. 68/04,71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51//11, 123/12, 14/13, 163/13, 156/15, 63/16 и 31/20), приоритетите на Националниот план за управување со отпад на РМ (2006 – 2012 ), Стратегијата за управување со отпад на РМ ( 2008 – 2020) и Регионалниот план за Југозападниот регион.

Основа на овој План беше и Планот за управување со отпад во општина Охрид за периодот 2018-2020 година и пред сè, се фокусира на продолжување на активностите кои не се остварени, а беа предвидени во претходниот План.

При изработка на Планот беа направени анализи на тековната состојба, предвидување за идните состојби и проценки за одржливо подобрување на постојниот систем со примена на современите начела во управувањето со отпад, со што на Планот му е дадена покрај локална и национална и европска димензија.

Со примена на одржливо управување со отпадот се постигнува поефикасно користење на ресурсите, намалување на количината на создадениот отпад на местото на негово создавање, на начин кој ќе помогне да се постигне целта на одржливиот развој. Притоа треба да се обезбеди универзалност на услугите преку недискриминација, одржливост на услугата, квалитетот и ефикасноста, транспарентност, економски прифатлива цена и целосно покривање на територијата на општината со услугата.

**Постигнувања од Планот за управување со отпад за периодот 2018 – 2020**

Во изминатиот период се извршени следните активности предвидени со Планот за управување со отпад за периодот 2018 – 2020:

- набавени се канти од 120 л кои ќе се поделат на домаќинства;
- набавени се нови контејнери од 1,1 $м^3$;
- поставени се контејнери за собирање на ПЕТ амбалажа, корпи од мрежа за собирање хартија и контејнери за собирање стакло;
- поставени се корпи за собирање на хартија во сите основни и средни училишта;
- во фаза на поставување се четири подземни контејнери;
- набавени се возила со механизам за подигање контејнери;
- се врши организирано собирање на отпадно масло од угостителски објекти и домаќинства;
- се врши организирано собирање на отпадно стакло од угостителски објекти;
- редовно функционираат две локации за одделно собирање на отпадна електронска и електрична опрема од домаќинствата;
- редовно функционира собирање на габаритен и зелен отпад по реони секоја сабота во месеците: мај, јуни, септември и октомври и
- создавањето на т.н. диви депонии е сведено на минимум.

Во согласност со донесувањето на прописите, во планскиот период се завршени или се во фаза на изработка следните активности:

- во фаза на изработка е Планска програма за изградба на претоварна станица за комунален отпад согласно Регионалниот план за Југозападниот регион;
- изработен е катастарот на загадувачи;
- дневникот за евиденција за постапување со отпад се води редовно и уредно и покрај дневен, се изработува и месечен извештај врз основа на кој се изработува годишниот извештај.

## 1. Опис и оценка на постоечката состојба во врска со управувањето со отпадот

Управувањето со отпад во општина Охрид се одвива преку Јавното претпријатие „Охридски Комуналец“.

Собирањето на отпадот во општина Охрид се врши двапати дневно во потесното централно градско подрачје, еднаш дневно во поширокото централно градско подрачје, додека во останатите населени места се врши двапати неделно. Во текот на летната сезона во потесното централно градско подрачје подигањето на комуналниот отпад се врши и четири пати дневно.

Собирањето на отпадот се врши во 732 контејнери со зафатнина од 1,1 $м^3$ наменети за објектите за колективно домување и комерцијални објекти, како и поединечно ( рефус ) по индивидуалните станбени објекти.

| Вид на отпад | Колич. на примен отпад % ( за 2018, 2019 и 2020 година) | Понатамошно постапување |
|---|---|---|
| измешан комунален отпад | 195.537 $м^3$ | депонирање |
| биоразградлив отпад | 1.426 $м^3$ | компостирање |
| градежен шут | 4.722 $м^3$ | депонирање |
| хартија | 52.400 $м^3$ | понатамошна преработка |
| пластика ПЕТ | 670 кг | понатамошна преработка |

*Табела бр. 1*: Количини на рециклабилни фракции од комуналниот цврст отпад кои се генерираат во општина Охрид на годишно ниво ( Податоците се добиени од Годишните извештаи за постапување со неопасен отпад од ЈП„Охридски Комуналец“).

***Комунален отпад***

Комуналниот отпад е најзастапен во вкупните количини отпад создадени во општината. Комуналниот отпад го вклучува отпадот кој е собран од домаќинствата, отпадот собран при одржување на јавната хигиена и одржувањето на јавните парковски површини, комерцијалните објекти и институциите. Мал дел од отпадот од домаќинствата претставува опасен отпад и тоа: батерии кои содржат тешки метали и киселини, остатоци од бои, разредувачи, киселини, инсектициди, стари лекови и сл.

Количините на создаден комунален отпад се поголеми во урбаните области отколку во руралните средини и за нив општината располага со релативно точни податоци добиени врз основа на дневните извештаи кои се изготвуваат во ЈП „Охридски Комуналец“, врз основа на проценка на волуменот на возилата во кои се транспортира и специфичната тежина на отпадот.

*Габаритен отпад*

Во општината е воведена услуга на организирано собирање на габаритен отпад во периодите од март, април,мај и јуни и септември и октомври. Габаритниот отпад се собира од места предвидени за таа намена и се депонира во депонијата „Буково“.

*Биоразградлив отпад*

Третманот на органската фракција од комуналниот отпад се сведува на негово собирање, транспорт и депонирање заедно со другите фракции од цврстиот отпад.

Отпадот од уредувањето на дворните површини (зелен отпад ) се собира на места предвидени за негово подигање. Подигањето се врши секоја сабота по реони во месеците: мај, јуни и октомври, додека органскиот отпад кој се генерира од јавните парковски површини дел се компостира во расадникот на ЈП„Охридски комуналец“.

*Градежен шут*

Најзастапениот инертен отпад -градежниот шут, потекнува од активности на градење,реконструкција или рушење на објекти, одржување на патна инфраструктура и сл. Овој отпад обично се состои од бетон, плочки, арматура, асфалт, дрвена граѓа, гипсени плочи, камен, земја и сл.

Согласно планот за пренамена на локацијата на која досега се депонираше градежниот шут, се изработи Физибилити студија за одлагање на градежниот шут и негов третман во Југозападниот плански регион.

*Хартија и ПЕТ амбалажа*

Собирањето на овие секундарни суровини Јавното претпријатие го врши со динамика на подигање двапати на ден, наутро и навечер, на сите пунктови каде има поставено контејнери за таа намена, како и на повик за поголема количина хартија и ПЕТ амбалажа од претпријатија.

Правните и физичките лица кои поседуваат дозволи за вршење складирање, третман и/или преработка на отпад исто така вршат собирање на хартија и ПЕТ амбалажа која се користи како секундарна суровина.

Со примарната селекција на овие две суровини се врши видно намалување на количината на отпадот кој се транспортира и депонира на депонијата „Буково“.

*Потрошени акумулатори*

Собирањето на потрошените акумулатори во општина Охрид го вршат правни лица кои поседуваат дозволи за вршење складирање, третман и/или преработка на отпад.

*Отпадни масла*

Сообирање и одлагање на отпадно масло од домаќинствата и од ресторантите се врши од страна на правно лице со дозвола за складирање и третман на тој вид на отпад.

*Старо „железо“*

Собирањето на старо железо во општина Охрид го вршат правни лица кои поседуваат дозволи за вршење складирање, третман и/или преработка на отпад и со оглед на веќе воспоставениот систем за управување со ваков вид отпад, овие количини нема да го оптоварат управувањето со отпад во општината.

*Отпадна електрична и електронска опрема*

Согласно законската регулатива општина Охрид заедно со Јавното претпријатие определија две локации за одделно собирање на отпадна електронска и електрична опрема од домаќинствата каде крајните корисници ќе можат отпадната опрема бесплатно да ја предаваат. Собирните места се наоѓаат во просторот на Јавното претпријатие, односно на локација на РЕ „Механизација“ каде се врши и собирање и балирање и на отпадот од пакување, односно хартија и ПЕТ амбалажа, како и еден контејнер за одделно собирање на отпадна елетрична и електронска опрема на локација на РЕ „Паркови и зеленило“, од каде го подига овластен постапувач со тие видови отпад.

.

*Отпадно стакло*

Општина Охрид во соработка со овластен постапувач има поставено специјални садови за собирање на отпадно стакло, а истиот постапувач со таков вид на отпад има склучено и договори за собирање на отпадно стакло угостителски објекти, со што се намалува количината на стакло кое се депонира на депонијата „Буково“ со што се намалува и можноста за нејзино палење.

## 2. Предвидувања на идните состојби во врска со управување на отпадот во општина Охрид

| Општина | Вкупно население | | Вкупно опслужено население | Вкупно неопслужено население |
|---|---|---|---|---|
| Охрид | Урбан дел | 43.684 | 43.684 | / |
| | Рурален дел | 12.065 | 12. 002 | 63 |
| | Вкупно: | 55.749 | 55.686 | 63 |

*Табела бр.3*: Број на опслужено и неопслужено населние ( Податоци според Попис 2002 год. )

Од горната табела може да се изведат следните заклучоци:

- Урбаното население е опслужено 100%, односно опфатени се

43.684 жители што претставува 78,34% од вкупното население ;

- Од вкупното рурално население опслужени се 12.002 жители, односно 21,55% и
- Неопслуженото рурално население изнесува 63 жители, односно 0,11%.

| Вид на отпад | 2018 год. | 2019 год. | 2020 год. |
|---|---|---|---|
| Измешан комунален отпад | 19,324 t | 16,779 t | 10,826t |
| Биоразградлив отпад | 2.226 $м^3$ | 1.193 $м^3$ | 827 $м^3$ |
| Хартија и картон | 38 т | 80 т | 40 т |
| Пластика ПЕТ | 0.5 т | 1.5 t | / |

*Табела бр.4*: Податоци за собран отпад по години

Исто така, според бројот на опслужено население во општина Охрид и просечниот број на туристи кои ја посетиле општината во последните две години, може да се заклучи дека:

- Од жителите на општина Охрид (од 99% од нив), за 2018, 2019 и 2020 година просечно се генерирале 15,643 т/год. (55.749 жители х 239 кг/жител/год. = 13,324 т/год);
- Од просечниот број на туристи кои ја посетиле општината во 2018, 2019 и 2020 година (529.836 туристи), се генерирале околу 2.259 т/год. (15,643 – 13,324= 2,319 т/год).

Со овие базични податоци може да се врши оптимизација и димензионирање на предлог-активностите за дадениот плански период. Овие количини треба да послужат за димензионирање на бројот и видот на комуналните возила кои треба да се вклучат во собирањето на комуналниот отпад, како и бројот и видот на контејнери за примарна селекција на отпадот.

### 3. Насоки и цели во врска со управувањето со отпад

Според законската регулатива управувањето со комуналниот, комерцијалниот и другите видови неопасен отпад е надлежност на локалната самоуправа. Меѓуопштинската соработка и регионалниот пристап во решавање на проблемите е препорачан пристап.

Како главна цел на Планот се поставува воведувањето мерки и активности со кои се исполнуваат барањата на македонското законодавство, а со тоа и барањата на ЕУ.Планот за управување со отпад треба да и овозможи на општината да продолжи со систематизирано спроведување на подобрувања на постојниот систем за управување со отпад, преку надградба на административните капацитети, техничката инфраструктура и подигањето на јавната свест околу нивните обврски што произлегуваат од законските норми, како и за придобивките кои на долг рок ќе ги имаат од тоа.

Вклучувањето на невладиниот сектор во кампањите за подигање на јавната свест околу управувањето со отпад како главна заинтересирана страна ќе придонесе за подобрување на управувањето со отпад во насока на заштита на животната средина.

Реализацијата на Планот ќе се базира преку подобрување на функционалноста на инфраструктурата за управување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад преку јакнење на капацитетите на Општината и јавното претпријатие, зголемување на ефикасноста на инспекциските служби, подобрување на техничката инфраструктура, приклучување на регионалната депонија и затворање и рекултивирање на општинската депонија.

### 4.Стимулативни мерки за намалување на отпадот, негово повторно користење и рециклирање

Селектирањето на употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на неговото создавање допринесува за квалитетот на урбаното живеење, намалување на вкупните количини на отпад, носи економско – финансиски придобивки и исто така ја зголемува свеста и одговорноста на креаторите и давателите на услуги. Основната цел е да се издвојат употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на негово создавање.

Ваквиот пристап го поддржува и новиот концепт на циркуларна економија кој значи намалување на потребата од нови ресурси, воспоставување функционален систем за селектирање на отпадот и негова целосна реупотреба и рециклирање на веќе создадени производи за да се намали потребата од нови ресурси. Тоа ќе значи и намалување на емисиите на гасови што предизвикуваат ефект на стаклена градина од индустријата.

Општина Охрид заедно со Јавното претпријатие може стимулативно да делува преку организирање шеми за селектирање, транспорт и преработка (рециклирање ) на отпадот и тоа со поставување на пресконтејнери и подземни контејнери, со што се осовремени начинот на собирање на комуналниот отпад. На тој начин од една страна со пресување на отпадот се остварува голема заштеда како во капацитетот на традиционалните контејнери за смет, така и во транспортните трошоци, а од друга страна се подобруваат хигиенско–санитарните услови, заради тоа што нема непријатни миризби и нема разнесување на отпадот.

Исто така Општината и Јавното претпријатие имаат интерес во процесот на селектирање на отпадот, заради тоа што се намалуваат количините на отпад наменети за депонирање, со што се продолжува векот на траење на општинската депонија до воспоставување на регионалниот пристап на управување со отпадот.

Со адекватна едукација на граѓаните за примарна селекција и рециклирање, пред сè на најмладата популација, односно со поставување на контејнери за рециклирање на комуналниот отпад во училиштата, со организирање на работилници за начини на користење на рециклабилни материјали во креативното изразување, ќе се зголеми свеста за поголема заштита на животната средина.

Невладиниот сектор исто така својот интерес може да го оствари преку креирањето и имплементирањето на целокупниот систем на примарна селекција, односно селекција на отпадот на местото на создавање и негово искористување.

Со Планот се предвидува само селектирање на отпад на којшто може да се изврши примарна селекција и за кого има обезбедено откуп. Од тие причини се врши собирање на хартија, ПЕТ амбалажа и стакло, во точно определени терминии, за што има поставено посебни контејнери.

Со изработка на Физибилити студијата за одлагање на градежен шут и негов третман за Југозападниот плански регион, се прецизира и начинот на селекција на градежниот шут во општина Охрид.

Селективното собирање на ПЕТ амбалажата, хартијата и стаклото се врши на тој начин што на одредени локации се поставија соодветни садови за собирање на отпадот (контејнери за ПЕТ амбалажа и стакло и мрежи за хартија). Се предвидува бројот на локациите да расте секоја наредна година со проширување на опфатената површина, започнувајќи од централното градско подрачје, преку подалечните населби, па сè до селата во општината кои имаат поголем број жители. Собирањето на овие секундарни суровини се врши по следната динамика: хартија и ПЕТ амбалажа се подига од сите пунктови низ градот каде што има поставено контејнери за таа намена и наутро се одговара на сите повици за поголеми количини на хартија и ПЕТ амбалажа од претпријатија, додека отпадното стакло го подига овластениот колективен постапувач.

Во реоните каде што нема простор за поставување колективни контејнери, собирањето треба да се одвива според динамика предвидена по реони (временски распоред по денови и часови). Сите учесници во овој систем ќе бидат информирани преку јавни гласила, а исто така информациите ќе се доставуваат заедно со сметките за услугата за подигање на комуналниот смет.

Со адекватна едукација на граѓаните на општина Охрид за правилно селектирање на отпадот, се предвидува количеството на селектираниот отпад да се зголеми за 3-4 пати. За таа намена потребно е да се набават нови контејнери за ПЕТ амбалажа и решеткасти садови за хартија. Решеткастите садови за хартија треба да ги набават сите поголеми правни субјекти кои се занимаваат со трговија, а за ПЕТ амбалажа треба да се постават во сите населби во градот.

Во реоните каде што нема простор за поставување на садови за отпад, предвидено е селекцијата да се реализира во самите домаќинства, односно да се врши примарна селекција. Реализацијата е предвидено да се изведува во фази, со набавка на нови возила и на соодветна опрема за селекција на отпадот.

Со подигање на секундарниот отпад ќе се намалат трошоците за превоз на комуналниот отпад до депонијата „Буково“, а со средствата добиени од продажба на истиот како суровина, ќе се покријат трошоците за работни средства и работна сила. ЈП„Охридски Комуналец“ има склучено договор со колективен постапувач со пакување и отпад од пакување, па ќе се искористат сите можности кои ги дава Законот за постапување со пакување и отпад од пакување.

Според законската регулатива проблемот со управувањето на индустрискиот отпад е во директна надлежност на создавачот, односно индустријата, а Општината треба да врши контрола на спроведувањето на оперативните планови за усогласување во постапката на интегрираното спречување и контрола на загадувањето, преку издавањето на Б – интегрирани дозволи.

Управувањето со растителниот отпад треба да се подобри преку воведување на компостирање на истиот, пред сè преку подигнување на свеста за управување со овој вид на отпад во руралните средини, бидејќи во досегашната пракса се покажа дека со овој вид на отпад не се постапува соодветно.

## 5.Реализација на системот за мониторинг при управување со отпадот

Потребните податоци за следење на реализацијата на Планот се обезбедени од дневникот за евиденција за постапување со отпад и идентификационите формулари за транспорт и депонирање на отпадот. Со редовно водење на дневникот за евиденција за постапување со отпад на дневна основа се прави месечен извештај, врз основа на кои се изработува годишниот извештај. Овие документи се дел од подзанонскиот акт: Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишен извештај за постапување со отпад.

Јавното претпријатие како и правните лица кои поседуваат дозволи за вршење складирање, третман и/или преработка на отпад редовно ги изготвуваат дневниците за евиденција за постапување со отпадот, со што многу се олеснува следењето на реализацијата на Планот.

Во периодот утврден како временска рамка за спроведување на Планот (2021 -2023 ), мерки преку кои треба да се следи реализацијата исто така ќе бидат:

- Спроведување на политиките на Планот, преку годишните Програми за управување со отпад, односно степенот на реализација на мерките во пракса;

- Степенот на развиеност на потребните инфраструктурни капацитети за управување со отпадот и
- Постигнатите квалитативни и квантитативни резултати според целите на Планот.

Индикаторите за успех, треба да бидат и одредени показатели кои треба да се мерливи и врз основа на кои може да се следи реализацијата на Планот и тоа:

- количината на вкупно собраниот комунален отпад;
- количината на селективно собраниот отпад по фракции;
- собрани средства од продажба на селектирани фракции;
- број на услужени физички и правни лица;
- процент на наплата на сметки за комунални услуги;
- број на диви депонии и
- број на успешно реализирани проекти од областа на управувањето со отпад.

**6.Мерки и активности за намалување на биоразградливите состојки во отпадот наменет за отстранување**

*Цели за намалување на биоразградливиот отпад кој се депонира*

Европската директива за депонии воведе цели за намалување на биоразградливиот комунален отпад, којшто се одлага на депониите.

Покрај негативните последици на депонирањето на биоразградливиот отпад врз животната средина, тој отпад може исто така да придонесе за ефективно управување со ресурсите и одржлив развој, доколку правилно се регулира и управува. Посебно, биолошкиот третман на биоразградливиот отпад придонесува за намалување на создавањето на метан на депониите, а компостот кој се добива со биолошкиот третман на зелениот отпад, со негово користење позитивно делува на обновување на квалитетот на почвата.

*Опис и оценка на состојбите со биоразградливиот отпад во општина Охрид*

Третманот на органски отпад, односно на органската фракција од комуналниот цврст отпад на територијата на општина Охрид се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање заедно со другите фракции од комуналниот цврст отпад. Органскиот отпад од комуналниот цврст отпад не се одвојува, додека органскиот отпад кој се генерира во земјоделството, поради непокриеноста на руралниот дел од општината за подигнување на овој вид отпад, најчесто се фрла на несоодветни места или пак се гори. Ваквите начини на постапување со овој вид на отпад се голем ризик за животната средина и директно придонесува кон загадување на почвата, водата и воздухот.

Врз основа на бројот на жители, може да се констатира дека годишната продукција на биоразградлив отпад од домаќинствата во општина Охрид е приближно 1.500 м$^3$. За добивање на попрецизна слика треба да се земе предвид и продукцијата на биоразградлив отпад кој потекнува од земјоделски активности како и биоразградливиот отпад кој се создава при редовно одржување на парковите и зелените површини на територија на општината.

Постојниот начин на постапување со биоразградливиот отпад не соодејствува со законските решенија од областа на управување со отпадот во Р.Македонија, а особено не со системот на интегрално управување со отпадот кој е дефиниран како најприфатлив во сите стратегиски документи кои ја третираат оваа област во Р.Македонија.

Одлагањето на органската фракција на депонија, резултира со трајни проблеми по животната средина ( емисии на стакленички гасови, создавање на депониски исцедок, загадување на почвата, подземните води и сл.). Покрај ова, не може, а да не се земат предвид економските ефекти од ваквото постапување со отпадот. Самото одлагање на биоразградливиот

отпад на депонија претставува губиток на драгоцен депониски простор и намалување на капацитетот или векот на депонијата.

*Компостирање на биоразградливиот отпад*

Со цел намалување на количината на биоразградливиот отпад во состав на комуналниот отпад, а со тоа и намалување на количината на биоразградлив отпад кој се депонира, исто така потребно е да се спроведат следните активности:

- Да се организираат јавни кампањи за промоција на компостирањето;
- Да се организира проект за компостирање во руралните делови од општината и
- Да се воспостави примарно селектирање на органски отпад.

**7. Локации и начини за отстранување на отпадот**

*Депонирање на комунален отпад*

Собраниот отпад ЈП „Охридски Комуналец“ го депонира на депонијата „Буково“, која се наоѓа на магистралниот пат Охрид – Битола и е оддалечена 25 км од Охрид, на надморска висина од 1.190 м на планината Буково. Се простира на површина од 27.880 $м^2$ и ја сочинуваат две платоа за одлагање и една депресија. Во неа се депонираат околу 700 $м^3$ комунален отпад дневно, додека во летниот период дневното депонирање достигнува до 1.100 $м^3$ комунален отпад, или вкупно 290.000 $м^3$ комунален отпад годишно.

Со проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржив систем за управување со отпад во Југозападниот регион“, Општината треба да се вклучи во регионалниот систем за управување со отпад. Со изградба на претоварна станица ќе се врши секундарната селекција на рециклабилни фракции со што ќе се намали количоната на отпад кој ќе се депонира.

Како превенција од самозапалување на отпадот во летните месеци со булдожер се врши набивање на отпадот и негово покривање со слој од земја.

Патниот систем во депонијата обезбедува доволно простор за движење и маневрирање на возилата кои го собираат и транспортираат отпадот.

*Депонирање на градежен шут*

Согласно плановите за пренамена на локација Мауцкер, каде се вршеше депонирање на градежниот шут, потребно е да се изнајде стратегија за одлагање и третман на градежен шут, според Студијата за одлагање градежен шут и негов третман во Југозападниот плански регион.

**8. Податоци за интегрирана мрежа за отстранување на отпадот**

Интегрираното управување со отпадот подразбира негово следење од создавањето, минимизирање на местото на настанување, собирање, транспорт, третман и депонирање, што резултира со одржливо управување со отпадот со добра покриеност и доволно капацитети за давање услуги на собирање, транспортирање и депонирање до изградба на регионална депонија.

Сите правни лица, создавачи на отпад, согласно Законот за управување на отпад се должни да склучат посебни договори за собирање и транспортирање на отпад со овластениот давател на услугата на територија на општината.

Врз основа на податоците добиени од ЈП„Охридски комуналец“ – Охрид организираното собирање на комуналниот отпад се врши во 99% од населените места, односно подрачјето на градот Охрид, викенд-населбите: Лагадин, Елешец, Чекоштина и селата: Пештани, Трпејца, Љубаништа, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Рача, Коњско, Лескоец, Велгошти, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Елшани, Велестово, Орман, Подмоље и манастрски комплекс Св.Наум. Организирано собирање на комуналниот отпад не се врши во

селата: Речица, Плаќе, Завој, Рамне, Свињишта, Сирула, Скребатно и Расино заради тоа што во овие населени места има многу малку постојани жители.

| Ред.бр. | **Населени места во општина Охрид** | **Број на домаќинства** |
|---|---|---|
| 1. | с.Рача | 363 |
| 2. | с.Велестово | 51 |
| 3. | нас.Св.Стефан | 179 |
| 4. | нас.Долно Коњско | 151 |
| 5. | нас.Чекоштина | 11 |
| 6. | с.Елшани | 164 |
| 7. | нас. Елешец | 112 |
| 8. | нас. Лагадин | 182 |
| 9. | с.Пештани | 483 |
| 10. | с.Трпејца | 132 |
| 11. | с.Љубаништа | 233 |
| 12. | с.Орман | 36 |
| 13. | с.Подмоље | 158 |
| 14. | с.Велгошти | 693 |
| 15. | с.Горно Лакочереј | 133 |
| 16. | с.Долно Лакочереј | 176 |
| 17. | с.Лескоец | 832 |
| 18. | с.Косел | 171 |
| 19. | с.Ливоишта | 55 |
| 20. | с.Куратица | 98 |
| 21. | с.Опеница | 29 |
| 22. | с.Вапила | 50 |
| 23. | нас. Чекоштина | 11 |
| 24. | нас. Андон Дуков | 31 |

*Табела бр.5*: Број на опслужени населени места и домаќинства

Покрај основната дејност собирање, подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад на депонија, ЈП „Охридски Комуналец“ врши и други дејности, како одржување на јавна чистота во градските и приградските населби, чистење покрај брегот и кејот на Охридското Езеро, одржување на градските паркови, зеленило, парк-шуми и други дополнителни дејности на Јавното претпријатие.

Во општина Охрид според планираната динамика по потреба или на повик се собираат и подигнуваат кабаст отпад и зелен отпад.

**9. Технички и други услови коишто треба да се исполнат при управувањето со отпадот**

Јавното претпријатие располага со следниот возен парк:

| *Реден број* | *Тип на возило* | *Број на возила* |
|---|---|---|
| 1. | Специјални возила за подигање,транспортирање и депонирање на отпад | 17 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Товарач РД 130 | 1 |
| 3. | Комбиниран булдожер ФБ 100.2 | 2 |
| 4. | Цистерна за миење улици | 1 |
| 5. | Трактори | 2 |
| 6. | Камион-кипер со носивост од 4m3 ( ТАМ) | 1 |
| 7. | Камион кипер со носивост од 4,5 m3 ( ФАП) | 1 |
| 8. | Балирка за секундарни суровини | 3 |
| 9. | Електрично возило за собирање отпад во централно градско подрачје | 1 |

*Табела бр.6:* Податоци за опрема која се користи за собирање на отпад во Јавното претпријатие

Исто така, Планот предвидува реализирање на проектни активности за санација и доуредување на депонијата „Буково“. За таа цел потребно е да се изврши санирање на пристапните патишта и редовно покривање на депонираниот смет со слој од земја со што ќе се спречи можноста од самозапалување на депонијата во летниот период. Исто така предвидено е поставување на монтажна куќарка и метална рампа за влез и излез од депонијата.

Овие активности се предвидени како дел од активностите во процесот на вклучување на општина Охрид во системот на регионално управување со отпадот, при што депонијата „Буково “ ќе мора да се затвори и рекултивира.

Во меѓувреме предвидените мерки во однос на рециклирање и компостирање на отпадот, треба да се запазат во целост, со што би се намалиле количините на отпад кои се депонирааат.

**10. Мерки за санација на дивите депонии**

Со воведување на системот на собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад скоро на целата територија на општина Охрид, создавањето на т.н.диви депонии е сведено на минимум, но треба да се поработи на едукација на населението, зошто постојат несовесни граѓани кои отпадот го депонираат на места кои не се предвидени за таа намена.

**11.Активности кои се преземаат од страна на Општина Охрид во врска со управувањето со отпадот**

Тенденција на овој План е контејнерите од 1,1 м$^3$ да се заменат со подземни, кои се попрактични за манипулација и похигиенски за околината и собирачите.

На индивидуалните станбени објекти ќе им се доделат пластични канти за отпад. Воведувањето на пластични канти за собирање на отпадот ќе придонесе за намалување на растурањето на отпадот по улиците, за разлика од досегашната пракса за собирање во кеси.

Заради конфигурацијата на општина Охрид, во некои делови од градот и околината е отежнато собирањето на отпадот заради тесните и непристапни улици. Од тие причини набавени се возила со помала кубикажа кои непречено можат да се движат по улиците, особено во летниот период од годината.

Согласно законската регулатива, општина Охрид заедно со Јавното претпријатие определија две локации за одделно собирање на отпадна електронска и електрична опрема од домаќинствата каде што крајните корисници ќе можат отпадната опрема бесплатно да ја предаваат. Собирните место се наоѓа во просторот на Јавното претпријатие, односно на локација на РЕ„Механизација“ каде што се врши и собирање и балирање и на отпад од пакување, односно хартија и ПЕТ амбалажа и од каде што го подига овластен постапувач со тие видови

отпад, како и на просторот на расадникот каде има поставено контејнер за собирање на отпадната опрема.

Општината исто така ќе се вклучи во сите иницијативи за селективно собирање на специјалните текови отпад (отпадни масла, искористени гуми и возила и отпадна електрична и електронска опрема) кои ќе бидат организирани на национално ниво, како и на акциите организирани од овластени собирачи.

Отпадот за кој има организиран систем на селекција, односно, хартија, картон, пластика ПЕТ, стакло и отпад од електрична и електронска опрема, се откупува од лиценцирани фирми за складирање, третман и/или преработка на истите.

**12. Регионален пристап на управувањето со отпад**

Согласно Националниот план за управување со отпад 2009 -2015, со воведување на регионален пристап на управување со отпадот, општина Охрид припаѓа во Југозападниот плански регион заедно со уште 8 општини.

Согласно Регионалниот план за управување со отпад, собирањето на отпад во општината ќе треба да се прилагоди на препорачаниот начин, односно да има собирање на рециклабилниот отпад во една канта која ќе се носи во инсталација за рециклирање на материјалите, односно преработка на стакло, хартија, пластика, Fe и Al ) и собирање на останатиот отпад во друга канта ( канта за мешан отпад ) кој ќе се носи во постројка за механичко – биолошки третман со анаеробна дигестија (производство на биогас ) проследено со аеробно компостирање на дигесторот и преработка на рециклабилен отпад. Исто така согласно Регионалниот план, предвидена е изградба на претоварна станица, за која е во тек постапка за донесување планска документација.

Исто така Студијата за одлагање на градежен шут и негов третман во Југозападниот плански регион која ја изработи Центарот за развој на Југозападниот плански регион, дава предлог - решенија за решавање на проблемот со управување на градежниот шут во регионот, при што треба да се дефинираат правци за понатамошна практична реализација и да се дадат насочувања со конкретни економски исплативи алтернативи за одлагање и третман на градежниот шут во согласност со сите општини во регионот. Ваквиот пристап истовремено треба да ја подигне свеста на жителите за правилна употреба на градежниот шут, негово сортирање, рециклирање и повторна употреба со што истовремено ќе се избегне и создавањето на диви депонии.

**13.Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпадот**

*Активности за јавна кампања, информирање и едукација*

Превенцијата во создавањето на отпадот се заснова врз нивото на информираност и едукација на населението за вредноста на отпадот како секундарна суровина, што резултира со намалување на искористеноста на природните ресурси и нивно зачувување. Од друга страна искористувањето на отпадот доведува до намалување на штетното влијание на емисиите кој тој ги има врз водата, почвата и воздухот со што се сведува на минимум загадувањето на животната средина.

Од овие причини, овој План предвидува едукација за превенција со организирање проекти за подигање на јавната свест, со нагласок на училишната младина како целна група, кај којашто се очекува најголем ефект. Предвидено е организирање активности за изработка на предмети од рециклабилни материјали, собирни акции на стара хартија и ПЕТ амбалажа, организирање на еколошки акции за чистење, уредување на просторот во училишните дворови, што е значајна

придобивка на локално ниво во напорите за подигнување на свеста и учење уште од мали нозе дека отпадот е суровина, а не нешто што треба да се отфрли и да ја загадува животната средина.

За придобивките од примарната селекција, потребно е да се изработи информативна кампања за подигање на јавната свест, каде ќе биде вклучено и селектирањето на биоразградливиот отпад од комуналниот отпад, хартијата, пластиката и стаклото.

Со поставување на контејнерите на локации предвидени за селектирање на отпад, ќе се изврши и информирање на корисниците во однос на нивните задолженија во врска со селектирање на отпадот. Известувањата ќе им бидат доставени во вид на флаери на сите корисници и истите ќе бидат објавени на веб- страниците на Општина Охрид и на Јавното претпријатие.

Исто така за подигање на јавната свест потребно е на населението да им бидат доставени информации во врска со:

- Начинот на формирање на цените на услугата;
- Важноста да се плати услугата за собирање на отпад;
- Активностите кои ги прави Општината и Јавното претпријатие за подобрување на услугата и
- Опасностите од дивите депонии ( загадување на почвата, водата и почвата, како и можноста од ширење на болести )

Преземањето конкретни активности за финализирање на јавната кампања треба да се реализира со:

- Повик кон локалното население за учество во акција за собирање на рециклабилни материјали;

- Организација од страна на наставниот кадар заедно со учениците и практична примена на селекција на отпадот и

- Веб-презентација на изведените активности и постигнатите резултати.

*Очекувани резултати од јавната кампања*

- Развиен концепт за информирање и едукација на населението;

- Квантитативно зголемување на количеството на отпад при собирање на ПЕТ амбалажата, хартијата и другите рециклабилни материјали;

- Повисоко ниво на свест кај најмладата популација и пошироката јавност за потребите од рециклирање на отпадот;

- Поголема заинтересираност на населението за проблемите во животната средина и учеството на општината во акции за нивно решавање.

- Воспостапување соработка на сите заинтересирани во процесот на подигање на јавната свест и воспоставување на систем за управување со отпадот.

*Медиуми*

На територијата на општината Охрид, достапноста на информациите до јавноста и комуникацијата со граѓаните е овозможено преку сите типови на медиуми.

**14.Финансиски инструменти за спроведување на Планот за управување со отпад**

*Извори на финансирање на јавната услуга*

Финансирањето на управувањето со отпадот како јавна услуга, Општина Охрид го обезбедува од надоместоците за извршена услуга на Јавното претпријатие.

Надоместокот за собирање, подигнување, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад согласно Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП „Охридски комуналец“ – Охрид, донесена од Советот на општина Охрид изнесува:

- За домаќинства ........................................................ 2,4 ден./м$^2$ месечно
- За правни лица ( во зависност од дејноста )
  - ✓ Угостителска дејност ( површина на деловен простор до 100м2)...................................................................16,30 ден./м$^2$ месечно
  - ✓ Угостителска дејност ( површина на деловен простор над 100 м2)...................................................................11,00 ден./м$^2$ месечно
  - ✓ Продажба на храна – паушал..........................1.090,00 ден./м$^2$ месечно
  - ✓ Киосци за храна.............................................. 540,00 ден./м$^2$ месечно
  - ✓ Адвокатски канцеларии, туристички бироа, приватни школи и сл.со површина од 500 м$^2$....................................... 6,10 ден./м$^2$ месечно
  - ✓ Правни лица кои вршат нестопанска дејност со површина над 500 м$^2$.................................................................... 3,20 ден./м$^2$ месечно
  - ✓ Хотели со површина над 100 м$^2$ .....................................................
    од мај до октомври.........................................10,90 ден./м$^2$ месечно
    од ноември до април .................................... 5,45 ден./м$^2$ месечно
  - ✓ Објекти лоцирани надвор од територијата на општината за контејнери од 1,1 м$^3$ ( во еден правец).. .............520,00 ден./м$^3$ + 11,00 ден./км
  - ✓ За депонирање на депонија „Буково“ надоместокот се утврдува во зависност од количината на отпадот......................33,00 ден. /м$^3$

Степенот на наплата на годишно ниво изнесува просечно 80 %.

Генерално приходите добиени од домаќинствата и останатите извори не се доволни да ги покријат трошоците за обезбедување на услугите, бидејќи:

-Делот на неплаќачите изнесува околу 20%;

- Тарифите за отпад кои ги плаќаат корисниците на услугата не ги покриваат трошоците за одржување и инвестиции во нова опрема;

-Тарифите кои ги усвојува Советот на општината, на предлог на комуналното претпријатие се базираат на она што е финансиски достапно за корисниците, а не она што е реален трошок за услугите.

*Приватен сектор*

Во општина Охрид не постои присуство на приватен сектор во управување со отпадот освен во делот на селективното собирање и складирање на метали, хартија, ПЕТ амбалажа и слично ( неколку приватни оператори со дозвола за вршење дејност складирање, третман и/или преработка на отпад ).

Овој План за управување со отпад остава отворена можност за учество на приватни оператори во системот, кога ќе се создадат услови за заеднички интерес за тоа.

*Капитални грантови од Инструментот на претпристапна помош на ЕУ (ИПА)*

Ова е основен механизам на Европската Унија, кој обезбедува финансиска помош за реализирање на инвестиции што придонесуваат кон усогласување со Европското законодавство за земјите кандидати за членство.

Оваа активност ќе се обезбеди преку партиципирање во рамките на Југозападниот плански регион, кој ќе биде носител на активностите за регионално управување со отпадот.

**15. Анализа и предлог за најсоодветен начин на управувањето со отпад**

Дефинирањето на најсоодветен начин за управување со отпад за Општина Охрид, пред сè треба да зависи од реалните можности за имплементација на Планот.

Генерално, концептот на планскиот период треба да биде насочен во три правци:

1.Воспоставување на нов плански период преку регионален пристап;

2.Воведување на примарна селекција и рециклирање на комуналниот отпад (цврст отпад, биоразградлив отпад, хартија, ПЕТ амбалажа и стакло ) и

3.Преземање мерки во соработка со државните органи околу селектирање на опасен отпад кој во многу случаи е дел од комуналниот отпад ( отпадни масла, медицински отпад, потрошени батерии и акумулатори, отпадни гуми и сл.)

**16. Дефинирање на предвидени активности за реализација на Планот**

| **Активности** | **Приоритет ( 2021 – 2023 )** |
|---|---|
| Подобрување на собирањето и транспортот на отпадот | Набавка на опрема за собирање на материјали за рециклирање, мешан отпад, зелен отпад, домашно компостирање;<br>Изработка на планска документација и изградба на претоварна станица, собирни центри; |
| Промоција на минимизирањето на отпадот | Изградба на интегрирана инфраструктура за управување со отпад (инсталација за преработка на материјали за рециклирање ) |
| Интервенција во системот за собирање на комунален отпад | Изградба на подземни и пресконтејнери;<br>Набавка на нови возила;<br>Набавка на нови контејнери (континуирано ); |
| Подобрување на управувањето со депонијата за комунален отпад | Ремедијација на постоечките нестандардни депонии и дивите депонии |
| Превенција на создавање на отпад | Јавна кампања (континуирано) и организирање акции во училишта |
| Селектирање на рециклабилни фракции | Ниво на рециклажа до 25% |
| Биоразградлив отпад | Воведување на основен систем за примарна селекција и рециклажа до 50 % |
| Промоција на учеството на јавноста и промена во однесувањето | Кампања за зголемување на јавната свест за управувањето со отпад и за селекција на отпад и компостирање |
| Мониторинг и информирање | Следење на индикатори |

*Tabela бр.7* : Активности за исполнување на планот за управување на отпад за општина Охрид

Овој План влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4086/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** програмата за спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2021 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/77** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008 , 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 ), член 36 став 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 18 став 6 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и Мислењето на ЈЗУ Центар за Јавно Здравје Охрид бр. 10-115/2 од 24.03.2021 година**,** Советот на Општина Охрид на седница одржана на ден 28.04.2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2021 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2021 година.

Програмата дефинира 6 општи мерки за заштита на населението на општина Охрид од заразни заболувања, кои ќе се спроведат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон и тоа:

1) обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

2) обезбедување хигиенски исправна вода во езерото;

3) отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);

4) вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација, и други хигиенско- технички мерки на населени места и други јавни површини;

5) обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај,како и најавни места и

6) обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2021 година ќе се преземат следните мерки:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2021 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Водоснабдувањето на општина Охрид го врши ЈП „ Водовод“ Охрид и тоа за населените места: Орман, Рача, Велгошти, Лескоец, Д.Коњско, Пештани, Горно Коњско и туристичките локалитети долж брегот на езерото. Од локални водоводи кои се во системот ЈП „ Водовод“ Охрид се снабдуваат населените места: Трпејца, Љубаништа, Ливоишта, Вапила и Д.Лакочереј. Сопствени водоводи имаат селата: Рамне, Косел, Ливоишта, Вапила, Сирула, Скребатно, Елшани, Расино, Опеница, Завој, Свињишта и Куратица.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи и тоа: Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**Планирани активности**

Согласно Правилникот за безбедност на водата ( „Сл.Весник на РМ“ бр.183/18), анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторингот се врши од страна на Центарот за јавно здравје Охрид и Институтот за јавно здравје Скопје. Испитувањето на санитарно – хигиенска исправност заради можност од евентуални загадувања и спречување на ризик од заболување на населението, се врши два пати годишно на мостри на сирова вода (нехлорирана ) од 5 изворишта Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица Метропол во Институт за јавно здравје на РМ-Скопје. Испитувањата се земаат пред почеток и на крај на туристичката сезона. Исто така се врши испитување на квалитетот на водата и од мостри земени од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа.

На мострите испратени во ИЈЗРМ се вршат следните анализи:

- Проширена хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали;
- Анализа за присуство на пестициди и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Центарот за јавно здравје Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2021 година ќе врши еднаш неделно на 14-18 мерни места од системот за водоснабдување, а од останатите по една мостра месечно.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје Охрид се врши:

- Основна микробиолошка и хемиски анализа;
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај горе спомenатите контроли од двете јавни установи се прави и трета контрола од страна на вработените во ЈП „Водовод“ – Охрид. Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата.Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење

покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработените во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед.

**2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот „Десарет“, автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на езерото.

На реките Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Центарот за Јавно здравје – Охрид врши санитарно – хигиенски теренски увиди и истовремено се земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се превземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на езерото од оној дел кој најчесто се користи за капење, од мај до септември по 35 примероци месечно. Вкупниот број на земени примероци езерска вода минимум изнесува 150 според Националната програма за јавно здравје на РСМ.

На земените мостри во Центарот за Јавно здравје Охрид се вршат следните анализи:

- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали.

**Перманентни активности**

Покрај горе споменатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на цела година на извори на загадување, септички јами прочистителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

Стопанисувањето со канализационата мрежа во Општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализационата мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници.

Вкупната должина на постојната канализациона мрежа изнесува околу 170 км, од кои:

- мешовита канализациона мрежа 44 км,
- фекална канализациона мрежа 88 км,
- атмосферска канализациона мрежа 38 км и
- 7 ( седум ) препумпни станици

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавните сообраќајни површини, одржувањето на пешачките патеки, детските игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирањето и депонирањето на собраниот смет се врши заради обезбедување на здрава и чиста средина.

Организираното собирање на комуналниот отпад го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид во рамките на работната единица „Комунална Хигиена“ на подрачјето на градот Охрид, како и во 24 населени места. Собирањето на отпадот во 2021 година ќе се врши секојдневно во потесното градско подрачје, а во останатите делови од градот двапати неделно. Во текот на летната сезона во потесното градско подрачје комуналниот отпад се врши четири пати во текот на денот.

Исто така ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид врши собирање на ПЕТ – амбалажа, тврда пластика, стара хартија и стакло со цел намалување, повторна употреба и рециклирање на цврстиот отпад со примарна селекција која се врши на територијата на Општина Охрид и претставува чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

**Планирани активности**

За превентивно спречување на појава од заразни болести одржувањето на канализационата мрежа ќе се врши секој ден во текот на 2021 година и тоа:

- Редовно одржување на линии - ќе се врши преглед и чистење на линии механичко и со пумпа. Работата ќе се одвива во две смени;

- Ќе се вршат интервенции на отклонување на дефекти и застои по пријава на граѓани, нон стоп во текот на 24 часа во текот на цела година;

- Ќе се врши преглед на пумпните станици, механичката опрема, електро опремата, нон стоп во текот на 24 часа во текот на цела година.

На седумте пумпни станици покрај секојдневното редовно контролирање во електричниот и механичкиот дел и ќе се вршат интервенции на чистење на јамите кај сите седум пумпни станици, ќе се вршат и замени и поправки на делови од опремата - пумпи, мотори и сл.

- Тековно одржување на улична ( фекална ) канализациона мрежа .......... км 170,
- Одржување на ревизиони, приклучни и прекршни шахти.......................... бр.8000,
- Чистење на улични сливници...................................................................... бр.1500,
- Планско темелно чистење на улична ( фекална ) и атмосферска............. канализациона мрежа........................................................................... км 170
- Електромашинско и механичко одржување на црпни станици ................ бр. 7

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

*Метење и миење на улици:*

- **I категорија -**

▪ метење 365 работни дена;

▪ миење улици 184 дена;

▪ празнење корпи за отпадоци 365 работни дена.

- **II категорија -**

▪ метење 184 работни дена;

▪ миење улици 60 дена.

- **III категорија -**

▪ метење двапати неделно;

▪ миење улици 40 дена.

- **IV категорија -**

▪ метење еднаш неделно;

▪ миење улици 20 дена.

*Одвод на смет*

▪ I категорија на улици – секојдневно, а во летниот период два пати во текот на денот.

▪ II категорија и III категорија на улици – два пати неделно.

*Дезинфекција*

- Дезинфекција на контејнери - еднаш годишно
- По потреба почеста дезинфекција на поголеми површини

**Перманентни активности**

Редовно се врши чистење на уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.Собирањето на сметот се врши перманенто согласно динамиката предвидена со годишната програма за подигање на комуналниот отпад по денови и региони, а метењето на улиците се врши според категоризацијата на улиците. Редовно се прават контроли од страна на комунална инспекција.

**Вонредни активности**

Ќе се вршат околу 3.000 интервентни чистења уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.

Ќе се вршат чистења на локации каде има појава на т.н.диви депонии.

Ќе се врши и контрола по пријави на граѓани.

**4. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини.**

Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 ) треба да се обезбедат санитарно- технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција на јавни објекти: училиштата и предучилишните установи, Студенскиот дом, социјалните установи, објекти за водоснабдување, пазарот, автобуските станици и другите јавни објекти, средствата за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на Општина Охрид согласно Стручното мислење за спроведување на превентивни мерки за заштита на населението од заразни болести од ЈЗУ „Центарот за Јавно здравје“ – Охрид, Локалната самоуправа на општина Охрид ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

**Планирани активности**

*Дезинсекција против комарци*

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат стално присуство на бројни популаци на комарци и други штетни инсекти во регионот на општина Охрид. Со цел редукција на комарците и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мерка ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава човекова околина неопходно е **примената на општи и специфични мерки :**

- Подигање на свеста на населението за здравствените ризици од комарците, крлежите и другите вектори преку едукација и информации, пропаганден материјал, информативни постери, флаери, летоци и нивна дистрибуција меѓу населението, соработка со медиумите со цел здраствена промоција .

**Рок:** во тек на годината

- Исушување на застојни води (бари) и остранување на сите предмети каде се задржува вода која претставува средина за множење на комарци,

- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите

**Рок:** во тек на годината

- Евидентирање(мапирање ) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата која ја покрива, при што ќе достави информација за севкупната површина и достапноста на потенцијалните места за размножување на комарците.

**Рок:** јануари до март

- Изработка на Предлог програма за дезинсекција

- Ларвицидна дезинсекција

**Рок:** од март до септември

- Адултицидна дезинсекција

**Рок:** од мај до септември

- Мониторинг на спроведувањето и квалитетот на спроведената дезинсекција

**Рок:** Во тек на спроведување

Места кои треба да бидат третирани се: Охридското крајбрежје на потег од с. Подмоље до комплексот Св. Наум, подножјето на планината Галичица - населба Билјанини извори и централното градско подрачје до улица Железничка, Студенчишко блато и по потегот на реката Грашница и Коселска река.

Комбинацијата од ларвицидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение во даденото подрачје. Ларвицидната и адултната дезинсекција ќе се врши согласно Акциониот план, односно од рана пролет до касна есен и да се спроведуваат на стурчен и организиран начин. Средствата со кои ќе се врши дезинсекцијата треба да бидат согласно препораките на Светската здравствена организација и да бидат регистрирани и одобрени од Секторот за хемикалии при Министерството за здравство. Извршителот на дезинсекцијата ќе се утврди во постапка и на начин согласно Законот за јавни набавки. По извршената дезинсекција, извршителот треба да достави извештај до Центарот за јавно здравје, до локалната самоуправа, до Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Инситутот за јавно здравје. Контролата на спроведената дезинсекција ќе ја вршат Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Институтот за јавно здравје.

**Дератизацијата** ќе се врши со поставување на висечки мамци или статички парафински блокови во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува 3000.

**Превентивната дератизација се спроведува двапати годишно** :

1. Пролетна дератизација (прв дел од дератизациониот процес)

**Рок : од март до мај**

**2. Есенска дератизација** (втор дел од дератизациониот процес )

**Рок: од октомври до ноември**

**Два пати годишно** (пролет и есен) кога се очекува и најголема биолошка појава на штетни глодари треба да се третираат и други критични точки: јавни депонии и ѓубришта, околу семејни згради и куќи ( во подрумски простории, шупи) за да не се наруши хигиено-

епидемиолошката состојба во општина Охрид. Доколку постојат предуслови дератизација ке се изведува и во селските населби.

**5.Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи**

За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Охрид во тек на 2021 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во предучилишни установи, објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи, објекти за исхрана сместени во училишни и студенски домови и објекти за исхрана на ученици кои престојуваат во објекти за одмор односно рекреација.

Планирањето и водењето на овие активности е во рамките на Агенција за храна.

За проценка на здравствено- еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните и средните училишта кои ги покрива ЈЗУ ЦЈЗ Охрид , ќе се вршат санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2021 година. Со примена на методологија согласно посебно изработено стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје-Скопје. Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Општина Охрид како и на ниво на РМ, со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на здравјето на училишната популација.

Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

Исто така ќе се испитува биолошкиот квалитет на храната преку конзумно-амалитичка метода, како и следење на нутритивниот статус во функција на рана детекција на прекурсори на можни здравствени ризици за појава на хронични незаразни заболувања. За превенирање на болстите поврзани со небезбедна храна во текот на 2021 год. Ќе се врши бактериолошка анализа на приготвената храна.

**6.Превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

Со здравствено воспитување во 2021 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири, трибини и медиуми.

Ќе се одржат предавања на следниве тематски целини:

- Грип
- Хепатити
- Инфективни ентероколити
- Имунизација
- Заштита на животната средина
- Сексуално преносливи заболувања
- ХИВ/СИДА
- Здрава исхрана;
- Редовна физичката активност заради спречување на појава на кардиоваскуларни заболувања кај маладата популација;

- Одржување на хигиена на рацете и целото тело кај училишната популација.

Редовно ќе се држат предавања на тема Хигиената на храната и заштита на животната средина.

Со влегување во сила на оваа Програма, престанува да важи Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населениото од заразни болести бр. 08-1997/3 од 26.02.2020 година.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-4086/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НАЦРТ – ПЛАН ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2021 – 2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување нацрт – план за интегритет на општина Охрид 2021 – 2025 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/78** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НАЦРТ ПЛАН ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2021 - 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука СЕ УСВОЈУВА Нацрт – планот за интегритет на општина Охрид 2021-2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4086/10**
**28.04.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за за донесување Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување на велосипеди**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/79**
**28.04.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед.

**Член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Правилникот донесен со Одлука бр.08-6482/17 од 30.07.2020 година усвоена од Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-4086/11**
**28.04.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗАНАЕТЧИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Правилник за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Охрид за субвенционирање занаетчии на подрачјето на општина Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/80**
**28.04.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р**

7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 5**

Почетната цена за јавно електронско надавање за урбана опрема и времени објекти се определува на следниот начин и тоа:

I. За поставување на урбана опрема со јавно наддавање:

1. За поставување урбана опрема за продажба на сувенири на унифицирани тезги со димензии 2.00 м. х 1.00 м. почетната цена изнесува 3.000,00 денари месечно;

2. За издавање простор за поставување фрижидери за продажба на сладолед, почетната цена изнесува 5.000,00 денари месечно по локација, а на една локација можат да се постават 2 (два) стандардни фрижидери;

3. За издавање простор за продажба на уметнички слики, почетната цена изнесува 8.000,00 денари месечно;

4. За издавање простор за продажба на книги поставени на типска опрема од 4 м2, почетната цена изнесува 5.000,00 денари месечно;

5. За користење површини за поставување на детски игралишта (забава на отворено), почетната цена изнесува 250,00 денари по м2 месечно;

6. За користење површини за организирање забава во затворен простор, почетната цена изнесува 9.000,00 денари по објект месечно (Балони);

7. За користење површини за поставување на покриени и непокриени шанкови, почетната цена изнесува 1.500,00 денари по м2 месечно;

8. За поставување урбана опрема за продажба на храна и сувенири (типизирани тезги), почетната цена по локација со површини изнесува:

-За површина од 4 м2 почетната цена изнесува 8.000,00 денари;

- За површина од 2,20 м2 почетната цена изнесува 5.000,00 денари.

II. За користење на простор за поставување урбана опрема маси и столови пред угостителски објекти со непосредна спогодба предвидени се три зони во графичките прилози на Програмата и тоа:

1. Зона „А” за која закупнината изнесува 300,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.05.2021 година до 31.10.2021 година, а 150,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.01.2021 година до 30.04.2021 година и од 01.10.2021 година до 31.12.2021 година;

2. Зона „Б” за која закупнината изнесува 250,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.05.2021 година до 31.10.2021 година, а 150,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.01.2021 година до 30.04.2021 година и од 01.11.2021 година до 31.12.2021 година;

3. Зона „В” за сите останати локации надвор од зона „А” и зона „Б”, за која закупнината изнесува 150,00 денари месечно.

III.За користење површини за поставување на урбана опрема за комерцијана и културна презентација цената изнесува:

1.За користење површини за поставување урбана опрема за комерцијална презентација, закупнината изнесува: 1.000,00 денари по м2 дневно за површина до 5 м2; 750,00 денари по м2 дневно за површина до 100 м2 и 500,00 денари по м2 дневно за површина над 100 м2.

2.За користење површини за поставување урбана опрема за културна презентација, цената изнесува: 100,00 денари по м2 дневно до 5 м2; 75,00 денари по м2 дневно за површина до 100 м2 и 50,00 денари за површина над 100 м2 дневно.

IV.За користење на површини под времени објекти предвидени се три зони и закупнината изнесува:

1.Зона „А” закупнината изнесува 2.000,00 денари по м2 годишно;

2. Зона „Б” закупнината изнесува 1.000,00 денари по м2 годишно;

3. Зона „В” закупнината изнесува 500,00 денари по м2 годишно.

**Член 6**

-Временскиот перод за поставување на урбаната опрема и времените објекти на подрачјето на општина Охрид утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од максимум 5 (пет) години, и тоа за поставување на урбана опрема за: Забава на отворен и затворен простор „Балони”; Автобуски постојки; Терени за фитнес; Покриени и непокриени

шанкови; Телефонски говорници, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци; Јавни санитарни јазли; Детски игралишта; Рекреативно авантуристички парк; Рекламно Информативни паноа; Туристичко информативни центри; Културни инфо центри и информативни екрани; Велосипедски терминали; Банкомати и рампи и наплатни пунктови, и сето ова со право на продолжување, согласно член 38 и 39 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019).

- Договорите за користење на простор за поставување на маси и столови пред угостителски објекти ќе се склучуваат еднаш годишно, за рок за кој барателот поднел барање и тоа: за минимум 3 месеци, за 6 месеци. За 9 месеци или за 12 месеци, додека договорите за поставување на урбана опрема за продажба на сувенири, поставување фрижидери за за продажба на сладолед, продажба на уметнички слики и продажба на книги договорите ќе се склучуваат еднаш годишно за период од 3 месеци.

**Член 7**

Начинот и постапката за давање на земјиште под краткотраен закуп за поставување на урбана опрема и времени објекти, ќе се врши согласно одредбите од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019) **.**

**Член 8**

Урбаната опрема предмет на оваа Одлука, се поставува врз основа на добиено одобрение за поставување на урбана опрема.

Времените објекти предмет на оваа Одлука, се поставуваат врз основа на добиено одобрение за поставување на времени објекти.

Времените објекти поставени на територијата на општина Охрид пред 2005 година, по било кој основ да се задолжат со закупнина согласно член 5 став IV од оваа одлука, се до донесување на програмата за поставување на времени објекти, односно до реализација на урбанистички план.

**Член 9**

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката број 08-623/4, донесена на ден 29.01.2021 година.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 08-4086/51**
**28.04.2021година**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2021-2023**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** програма за изменување и дополнување на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2021-2023**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/120** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 40 и од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.32/2020), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021-2023**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2021-2023 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-11545/9 од 29.12.2020 год.

**Во точка**
**2.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ**

## *I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид*

| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** |
|---|

Точка 9 и потточка 9.1 се бришат.
Точките 10, 11, 12, 13, 14 и 15 стануваат точки 9, 10, 11, 12, 13 и 14.
Потточките 10.1, 11.1, 12.1, 13.1, 14.1 и 15.1 стануваат потточки 9.1, 10.1, 11.1, 12.1, 13.1 и 14.1.
**Во точка**

| **I-7. ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | Проект за инфраструктура за потреби на општината | Финансиски средства за проектите планирани во Програмата од Сектор за комунален развој улици и сообраќај |

Потточките 1.3, 1.4 и 1.5 се бришат.
Потточка 1.6 станува потточка 1.3.

**Во точка**

**IV-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

После точка 26 се додава нова точка

| | | |
|---|---|---|
| **27** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 27.1 | ДУП за УЗ 6, УБ 6.1 – опфат 3 | Прив. иницијатива |

**Во точка**

**IV-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

После точка 8 се додава нова точка

| | | |
|---|---|---|
| 9 | УПВНМ Горица Исток – опфат 2 | Прив.иницијатива |

**Во точка**

**IV-5. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

Точка 6 се брише.
Точките 7, 8 и 9 стануваат точки 6, 7 и 8.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 08-4086/52** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** програмата за изменување и дополнување на програмата за заштита на животната средина и природата за 2021 година**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/121** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина („Сл. весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13, 42/14, 44/15 и 129/15), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2021 ГОДИНА**

Во програмата за заштита на животната средина и природатата за 2021год. бр.08-11545/1 од 29.12.2020год. се вршат следните измени:

**Под точка 9. од оваа програма „Сакај го Охридското Езеро – единствено е во светот“се допишува само носителот на проектот , а тоа е Здружението на граѓани „Нова Порта“Охрид...............................................................................150.000,00ден.**

Образложение : Целта на овој проект е да се подигне еколошката свест на локалното население. Целна група ќе бидат младите односно средношколците со кои ќе се организираат активностите за реализација на проектот. Сакаме да ги поттикнеме граѓаните да го осознаат значењето и вредноста на најголемото природно езеро , бидејќи е единствено во светот по многу специфики.

**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 150.000,00 денари .**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2021 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период, подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата.Еден од посериозните проблеми во Охрид во летниот период претставува бучавата . Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од обласата на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од обласата на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко - системите и квалитетот на животот ;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од обласата на животната средина во општината.

Изготвената нацрт - програма за заштита на животната средина и природата за 2021 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2021 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2021 година . Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

**Предлог - проекти:**

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други

сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

**Законски процедури кои Општина Охрид ги спроведува како надлежен орган**

**Оценка на влијанија врз животната средина**

**1.Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи ........................................................................ 910.000,00 денари**

Образложение: Членот 65 од Законот за животна средина предвидува изготвување Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, Националниот акционен план за животна средина, локалните акциони планови за животна средина и др.стратегиски, плански и програмски документи. Членот 76 предвидува изготвување Оцена на влијанија врз животната средина за проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина.

**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 910.000,00 денари .**

**2.Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина**

Образложение: Општина Охрид согласно одредбите од чл.95, 122 и 123 од Законот за животната средина е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура

Активностите за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи се одвиваат согласно сложена и обемна, законски пропишана процедура. Интегрираната дозвола ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на дозволата, преку програмите за подобрување, е нивно сведување на најмала можна мерка и анулирање. Во делот на посета на инсталациите и нивното контролирање се вклучува овластениот инспектор за животна средина. Инсталациите на територијата на општината плаќаат годишен надоместок за поседување на Б- Интегрирана еколошка дозвола.

**Потребни финансиски средства: Не се предвидени финансиски средства.**

**3. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина**

Образложение: Согласно обврската од чл.24 од Законот за животна средина, Општина Охрид е надлежна за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наброени во „Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Град Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје“. Постапката отпочнува со разработка на доставениот елаборат за заштита на животната средина, се изготвуваат забелешки за елаборатот, по што следува достава на коригиран елаборат , се изготвува решение за одобрување, кое го потпишува градоначалникот на Општина Охрид.

**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**

**3.Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на чинарот на локалитетот Воска на крстосницата меѓу ул. „Гоце Делчев“ и ул.„Бистрица“ .......................400.000,00 денари**

Образложение:Согласно законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/04,14/06,84/07,35/10,47/11,148/11,59/12,13/13,163/13,41/14,146/15 и 39/16) и врз основа на изработениот елаборат за валоризација или ревалоризација на чинарот на локалитетот Воска на крстосницата меѓу ул. „Гоце Делчев“ и ул.„Бистрица“потребно е да се изврши санација и ревитализација на ова старо дрво , како би се заштитило и продолжил животниот век.

**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 400.000,00денари**

**4. Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2021година ..................................................................1.200.000, 00ден.**

**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 1.200.000,00денари**

Образложение : Општина Охрид го спроведува пилот проектот за ефикасно користење на новите технологии за чист атмосферски воздух во рамките на кои се поставени 11 сензори на јавни институции и 15 филтри на оџаците на домаќинствата кои како енергенс за загревање на своите домови користат цврст енергенс.Покрај тоа Општина Охрид како најголем туристички центар во РСМ превзема мерки против загадувањето на амбиентниот воздух со субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување – набавка на инвертер клими за 2020година

**5. Изработка на Зелен катастар на подрачјето на општина Охрид во рамките на опфатот на Генералниот урбанистички план ............................ 1.000.000,00 денари**

Образложение : Општината согласно член 5 и чле 32 од Законот за урбано зеленило (Сл.весник на Р.М бр. 11/18) треба да изработата Зелен катастар кој ги евидентира сите зелени површини , дрва , останати насади, инфраструктура во функција на зеленилото, ретки, ендемични, реликтни видови, како и капитални примероци од дрва кои подлежат на посебна заштита како природно и културно наследство , независно од нивната сопственост, но и придружните содржини на зелените површини ( парковски, градинарско- урбанистички и други содржини) и претставува нивна лична карта

**6. Одржување на станични сензори за следење на квалитетот на абиентниот воздух во општина Охрид.................................................................................... 260.000,00 ден**

Образложение: Во текот на декември во 2019год. стартуваа податоците од ЕУ проектот AIRTHINGS за следење на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид поставени се единаесет станични сензори и се следат пет еколошки параметри .Оваа платформа не е дел од државната мониторинг мрежа на МЖСПП ниту дел од било која мрежа, истат е самостојна и креирана во рамнки на ЕУ проектот AIRTHINGS. По завршување на проектот станичните сензори остануваат во владение на општина Охрид , а горе превидените средства се за нивно годишно одржување

**7.Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид ................................................................... 500.000,00ден.**

Образложение: Согласно Законот за управување со отпад и Регионалниот план за управување со отпад во Југозападен регион, Општина Охрид е должна да реализира проекти и презема инвестициони зафати за

одобрување на општата состојба со управувањето со отпадот.За таа цел, а во врска со потребата за селекција на различни видови отпад општина Охрид со овој проект ќе доделува по две канти од 120л на домаќинства во општина Охрид.Овој проект се предвидува да трае повеќе години и секоја година ќе биде избран одреден опфат каде во рамките на неделата на животна средина ќе им бидат доделени кантите на избраните домаќинства

**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 500.000,00 денари**

**8.„Цветни балкони- цветен Охрид“ ..................................................... 100.000,00денари**

Образложение:Овој проект неколку години наназад традиционално се реализира на територијата на општина Охрид и е многу добро прифатен од страна на граѓаните.Целта е подигање на свеста на граѓаните за потребата од одгледување цвеќиња во сопствените дворови и на балконите, што ќе придонесе за целокупната слика на Охрид како цветен град и ќе има позитивно влијание на целокупната туристичка понуда на градот.

Проектот опфаќа делење на саксиско цвеќе на жителите на претходно утврден опфат, на дел од градот кој е различен секоја година .

**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 100.000,00 денари .**

**9.„Сакај го Охридското Езеро – единствено е во светот“носител е Здружение на граѓани „Нова Порта“ Охрид ........................................................................ 150.000,00ден**

Образложение : Целта на овој проект е да се подигне еколошката свест на локалното население. Целна група ќе бидат младите односно средношколците со кои ќе се организираат активностите за реализација на проектот. Сакаме да ги поттикнеме граѓаните да го осознаат значењето и вредноста на најголемото природно езеро , бидејќи е единствено во светот по многу специфики.

**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 150.000,00 денари .**

**10. Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во општина Охрид за 2022 година........................................................................................... 20.000,00денари**

Образложение:Традиционално Општина Охрид секоја година распишува конкурс за најубаво украсен новогодишен двор или балкон.Целта на проектот е да ја подигне јавната свест на граѓаните за организирано украсување на своите објекти со што ќе се придонесе за поубав изглед на градот за новогодишните и Божиќните празници и поуспешна туристичка промоција на Охрид

**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 20.000,00 денари.**

## Предлог - проекти за одбележување на значајни денови на екологијата

Со цел да се влијае на подигањето на јавната свест на сите категории на населението како еден од битните фактори за зачувувањето на животната средина, како и промоција на природните реткости и специфики, предвиден е корпус на активности за одбележување на значајните денови на екологијата.

**11.Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (акција за собирање стара хартија во соработка со охридските училишта)**

Образложение: На крајот на школската година се врши организирано собирање на стари списанија, тетратки и друга отпадна хартија во соработка со училиштата на територија на Охрид , со цел подигање на јавната свест на младата популација и рециклирање на старата хартија

**Потребни финансиски средства: За 2021 година за реализација на проектот не се потребни финансиски средства .**

**12.Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември (ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта) .................................. 30.000,00 денари**
Образложение: На почетокот на школската година во соработка со охридските основни училишта Општина Охрид објавува ликовен и литературен конкурс на зададена тема на која учениците испраќаат свои литературни творби, ликовни творби и инсталации од рециклирачки материјали.
**Потребни финансиски средства: За 2021 година се предвидени финансиски средства во висина од 30.000,00денари**

**ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА ИЗНЕСУВА : 4.570. 000,00 денари**

**КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРОГРАМАТА**
Активностите во оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид. Надлежен за изработка и спроведување на активностите по оваа програма е Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад .

**ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА**

Динамиката за извршување на активностите по оваа програма пред сè зависи од реалното подготвување на истата. Реализацијата на програмата во делот на одбележување на значајни денови на екологијата се одвива согласно календарот за одбележување на тие денови .
Динамиката за реализирање на програмата во делот за спроведување на законските обврски се одвива во текот на целата година согласно потребите.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08 – 4086/53**
**28.04.2021 Година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на членови на Комисија за урбанизам, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/122** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 38 став 13 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ**

**Член 1**

Месечниот паричен надоместок на членовите на Комисијата за урбанизам ќе изнесува 8.000,00 денари, одделно за секој член на комисијата.

Надоместокот утврден во став 1 ќе се исплаќа од средства обезбедени во Буџетот на општината, почнувајќи од оваа буџетска година, односно од 01.01.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид„.

**Број 08- 4086/54** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД И ДРУГИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на трајно користење на недвижен имот, заедничка сопственост на општина Охрид и други на ЈП Градски пазар Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/123** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а согласно член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и 101/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД И ДРУГИ НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на трајно користење недвижен имот во заедничка сопственост на Општина Охрид и други, на ЈП Градски Пазар Охрид - недвижен имот опишан во Имотен лист бр. 168135 за КО Охрид 3 и тоа:

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1 , влез 1 кат К1 бр. - намена ХС со површина од 62 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 1, кат К1.бр.-, намена Х, со површина од 222 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 1, кат ПО.бр.-, намена П, со површина од 274 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 1, кат ПР.бр.-, намена ХС, со површина од 70 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 2, кат К1.бр.-, намена ХС, со површина од 22 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 2, кат К2.бр.-, намена ХС, со површина од 32 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 2, кат ПО.бр.-, намена ЛФ, со површина од 3 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 2, кат ПО.бр.-, намена ХС, со површина од 22 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 2, кат ПР.бр.-, намена ХС, со површина од 34 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3, кат К1.бр.-, намена ХС, со површина од 22 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3, кат К2.бр.-, намена Х, со површина од 552 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3, кат К2.бр.-, намена ХС, со површина од 32 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3, кат ПО.бр.-, намена ЛФ, со површина од 3 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3, кат ПО.бр.-, намена ХС, со површина од 20 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3, кат ПР.бр.-, намена ХС, со површина од 34 м2,

КП.бр. 14766/6 зграда бр. 1, Б2-1, влез 3, кат ПР.бр.-, намена ДП, со површина од 14 м2,

**Член 2**

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење на ЈП Градски Пазар Охрид без надомест заради целосна функционалност при вршење на основната дејност.

**Член 3**

Сите трошоци за одржување и користење на недвижниот имот (трошоци за тековно одржување, хигиенско-техничко одржување, струја, вода, греење, ладење, интернет конекција и сл.) ќе ги сноси корисникот ЈП Градски Пазар Охрид.

Општина Охрид има обврска да стави прибелешка за правото на користење во јавните книги за запишување на правата врз недвижностите, во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со директорот на ЈП Градски Пазар Охрид, со кој поблиску ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижниот имот.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-4086/55**
**28.04.2021год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ– ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД.(САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на времено користење недвижен имот– дел од деловен простор, сопственост на општина Охрид.(Санитарен и здравствен инспекторат)**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/124**
**28.04.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 0/19 и 15/20), а согласно член 21 точка 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ – ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на времено користење од Општина Охрид на ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ - Сектор за инспекциски надзор, дел од деловен простор (две простории од по 10м2) во деловна зграда лоцирана на ул.„ Димитар Влахов“ зграда бр. 1 – Охрид, на КП бр.15556/2, запишан во имотен лист бр. 90207 КО Охрид 3.

**Член 2**

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење во времетраење од две години на ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ - Сектор за инспекциски надзор, со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид. Користењето на недвижниот имот ќе биде без надомест.

**Член 3**

Сите трошоци за одржувањето и користењето на недвижниот имот - дел од деловен простор опишан во член 1, ќе ги сноси ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ - Сектор за инспекциски надзор.

**Член 4**

Се задолжува градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со корисникот на просторот, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижниот имот - деловен простор.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-4086/56** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ - ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА - СОЈУЗ НА БОРЦИ ОХРИД И ДЕБАРЦА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на времено користење недвижен имот - дел од деловен простор, сопственост на општина Охрид на општинска организација - Сојуз на борци Охрид и Дебарца**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/125** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 0/19 и 15/20), а согласно член 21 точка 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и

со стварите во општинска сопственост, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ - ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА - СОЈУЗ НА БОРЦИ ОХРИД И ДЕБАРЦА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на времено користење од Општина Охрид на Општинска организација - Сојуз на борци Охрид и Дебарца, дел од деловен простор во деловна зграда лоцирана на ул.„Димитар Влахов“ зграда бр. 1 - Охрид, на КП.бр.15556/2 во вкупна површина од 19 м2, запишан во имотен лист бр.90207 КО Охрид 3.

**Член 2**

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се отстапува на времено користење во времетраење од две години на Општинска организација - Сојуз на борци Охрид и Дебарца, со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид. Користењето на имотот ќе биде без надомест поради значењето и финансиската состојба на здружението.

**Член 3**

Сите трошоци за одржувањето и користењето на недвижниот имот - дел од деловен простор опишан во член 1, ќе ги сноси Општинска организација - Сојуз на борци Охрид и Дебарца.

**Член 4**

Се задолжува градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со Општинската организација - Сојуз на борци Охрид и Дебарца, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижниот имот - деловен простор.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-4086/57** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД.(КП.БР.14699 ОХРИД 3)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на времено користење недвижен имот-деловен простор, сопственост на општина Охрид.(Кп.бр.14699 Охрид 3), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/126** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 0/19 и 15/20), а согласно член 21 точка 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ -ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД(КП.БР. 14699 КО ОХРИД 3)**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на времено користење од Општина Охрид на Здружението на граѓани „Независна Аматерска Театарска Група НАТГ Аматер Охрид“ деловен простор во зграда лоцирана на КП бр. 14699 КО Охрид 3 запишан во имотен лист бр. 9081 КО Охрид 3.

**Член 2**

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење во времетраење од 2 години на здружението „НАТГ Аматер Охрид“ со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид. Користењето на недвижниот имот ќе биде без надомест.

**Член 3**

Сите трошоци за одржувањето и користењето на недвижниот имот - деловен простор опишан во член 1, ќе ги сноси корисникот- Здружението на граѓани „ Независна Аматерска Театарска Група НАТГ Аматер Охрид “.

**Член 4**

Се задолжува градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со корисникот на просторот, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижниот имот- деловен простор.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-4086/58** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ - ДЕЛОВЕН ПРОСТОР.(КП.БР.8190 ОХРИД 1)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на времено користење недвижен имот - деловен простор.(Кп.бр.8190 Охрид 1)**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година.

**Број 09-4086/127** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 0/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2021 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ -ДЕЛОВЕН ПРОСТОР (КП.БР. 8190 КО ОХРИД 1)

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на времено користење од Општина Охрид на Здружението на Еѓипќаните „Пирамида ЗЕМ Охрид“ деловен простор во зграда лоцирана на бул. Туристичка Охрид, КП бр. 8190, опишана во имотен лист бр. 93569 КО Охрид 1.

**Член 2**

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење во времетраење од 2 години на здружението „ Пирамида ЗЕМ Охрид “ со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид. Користењето на недвижниот имот ќе биде без надомест.

**Член 3**

Сите трошоци за одржувањето и користењето на недвижниот имот - деловен простор опишан во член 1, ќе ги сноси корисникот- Здружението на Еѓипќаните „Пирамида ЗЕМ Охрид“.

**Член 4**

Се задолжува градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со корисникот на просторот, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижниот имот- деловен простор.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-4086/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.04.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“

бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
